СМРТ НА ФАШИЗМОТ - СЛОБОДА НА НАРОДОТ

СЛУЖБЕН ЛИСТ

НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ" излегува два пати неделно. — Ракописите не се вракјаат. — Огласите по тарифата. — Чековна сметка Nr. 62324. — Поштарина платена во готово.

Уторак, 4 септембар 1945
БЕОГРАД
БРОЈ 67 ГОД. I

Цена 3.— дин. од табак. — Претплата за второто полугодиште на 1945 год. дин. 350.—. — Редакциата: Бранкова Nr. 20 .— Телефонот: 28-838

622.

На основание чл. 2 Одлуката од 30 ноември 1943 година за Врховното законодателно и извршно народно претставително тело на Југославија како времен орган на врховната народна власт во Југославија и на основание на Резолуцијата од 10 август 1945 година за промена називот Антифашистко векје на народното ослободуење на Југославија во Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, а на предлог на Министерот за правосудие, Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија доносуе

ЗАКОН

ЗА УРЕДУЕЊЕ НАРОДНИТЕ СУДЕВИ

Општи одредби

Член 1

Во Демократска Федеративна Југославија правосудието го вршат: Врховни суд на Демократска Федеративна Југославија, врховните судеви на поедините федерални единици, Врховни суд на Војводина, окружни судеви и околиски судеви.

Со посебни закони можат да се осниваат специјални судеви и да се овластат федералните единици да осниват помирителни (мировни) судеви при кое ке се одреди нивната организација и надлежност.

Член 2

Главни задачи на судевите во вршење на правосудието се:

1) заштита на демократските тековини на народно-ослободителната борба, заштита правата и со Закон заштитените интереси на установите, претпријатната и организациите на јавен и приватен карактер, како и заштита на личните и имотните права и со закон заштитените интереси на грагјаните на Југославија;

2) обезбедуење на точното исполнуење законот како и прописите со законска снага од страна на сите установи, претпријатија, организации, службените лица и грагјаните на Југославија;

3) воспитуење грагјаните во дух на оданоста кон татковината, во духот на точното исполнуење на законите, и поштено вршење грагјанските права и должности.

Член 3

Сите грагјани пред судевите се еднакви, без обзир на пол, на друштвен, материјален и службен положај и на национална, верска или расна припадност.

Член 4

Во сите судеви расправите се водат јавно, во колку со законите несе предвидени изузетци.

Член 5

Во сите постапки на тужениот е осигурено правото на одбрана.

Член 6

Постапката се води на јазикот на народот од федералната единица, односно покраина, каде судот се најдуе, а на лицата кои не владат со тој јазик ке им се овозможи запознавење на доказниот материал и пратење на судската работа преку толмач. На секое лице е дозволено пред судот да зборуе на свој мајчин јазик.

Член 7

Судевите својите пресуди ги изречујат: „Во име на народот".

Член 8

Против одлуките на судот од прв степен, во колку тоа несе Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија и врховните судеви на поедините федерални единици, односно Врховниот суд на Војводина, допуштена е по правило жалба на суд од вториот степен.

Одлуката на судот од вториот степен е правноснажна.

Член 9

Против правноснажните судски одлуки припагја право на надзорна жалба на Јавниот обвинител на Демократска Федеративна Југославија, на јавниот обвинител на федералните единици, односно на Јавниот обвинител на Војводина, на Претседателот на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија и на претседателите на врховните судеви на федералните единици, односно на Врховниот суд на Војводина.

Член 10

Јавниот обвинител на Демократска Федеративна Југославија има право на поднесуење надзорна жалба против сите правноснажни судски одлуки.

Претседателот на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија има право на поднесуење надзорна жалба против сите правноснажни судски одлуки, освен против правноснажните одлуки на војните судеви.

Јавниот обвинител на федерална единица, односно јавниот обвинител на Војводина и претседателите на врховните судеви на федералните единици, односно Врховниот суд на Војводина имаат право на поднесуење надзорна жалба против сите правноснажни судски одлуки донесени од страна на судевите во односната федерална единица или покраина, во колку това несе војни судеви.

Член 11

За надзорната жалба против правноснажните одлуки на околиски судеви и окружните судеви одлучуе Врховниот суд на односната федерална единица или Врховниот суд на Војводина; за надзорната жалба против правноснажните одлуки на врховните судеви на федералните единици и Врховниот суд на Војводина одлучуе Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија; за надзорната жалба против одлуките на векјето на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија одлучуе Општата седница на тој суд.

Член 12

Судевите се должни еден на друг да укажујат правна помокј.

Член 13

Во сите судеви, кога судат во првиот степен, судењето по правило се врши во векјето во кои учествуе судија и два присудители.

Кога судат по жалбите на вториот степен и по надзорната жалба, во колку несе во прашање одлуките на векјето на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија, судевите донесуат одлуки во векјето од троица судии.

Член 14

Судиите се лица кои вршат судиска должност непрекидно за времето за кое се избрани, а присудителите се лица кои се повремено повикуат во судот за вршење судски должности.

За време на учествувањето во судењето присудителите имаат исти права како и судиите.

Член 15

Присудителите се повикуат на должност во судот по список на избраните присудители, така да секој присудител по правило биде повикан најповекје петнаест дена во година.

За време вршењето на судиската должност на присудителите им припагја право на плата која ја имат како намештеници или работници. Тие присудители кои не примајат плата, добијат накнада на трошковите по прописите кои ке ги издајат федералните единици.

Во секој случај на присудителите припагја накнада за направените патни трошкови надвор од местото на своето боравиште.

Член 16

Судевите се образујат по изборното начело.

Сите грагјани кои имаат бирачко право можат да бидат избрани за судии и за присудители.

Член 17

Сите судии и присудители од околиските судеви до сојузниот Врховен суд ги избирајат соодветните народни претставителни тела, на кои судиите и присудителите одговарајат за својата работа. Судијите и присудителите можат, пред истечуење на рокот за кои се избрани, да ги опозоват телата кои ги избрале ако за това има законски разлози.

При поставањето кандидати за судии ке се води сметка да се по возможност задоволи потреба на судевите за судии, кои имат стручна спрема, со това да бидат лица, кои можат да одговарат на извршуењето задачите од чл. 2 на овој Закон.

Член 18

При изречуењето на правдата судиите се независни и судат законито.

Член 19

Покренуење на кривичната постапка против судиите и во врска со това нивното одалечуење од судиската должност се врши: по одлуката на Јавниот обвинител на Демократска Федеративна Југославија за судиите на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија, а по одлуката на јавниот обвинител на федералната единица, односно на Јавниот обвинител на Војводина за судиите на останалите судеви.

Одлуката на Јавниот обвинител на Демократска Федеративна Југославија подлежуе на одобруење на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, одлуката на јавниот обвинител на федералната единица на одобруење на земското народно преставништво на таа единица, а одлуката на Јавниот обвинител на Војводина на одобруење на Покраинската народна скупшина на Војводина.

Член 20

Во случај на трајната спреченост на судијата, новиот избор за судија има да се изврши во рок од два месеца од денот кога спречениот судија престанал да врши должност во судот.

Околиски судеви

Член 21

Во надлежност на околиски судеви спагја решуење во првиот степен на кривичните и грагјански работи кои со посебни закони се дадени во надлежност на овиа судеви. Помегју овие нарочно спагјаат:

а) кривичните работи: кривичните дела против животот, телото, слободата, честа, имотите на приватните лица, здравјето, јавниот морал, бракот и семејството;

б) грагјански работи: спорови за имотните правни сакања, без обзир на вредност, во колку тужената странка неје установа, претпријатие или организација на јавен карактер, спорови од односот на родителите и децата било брачни било ванбрачни, спорови за одредуење и исправка на границите на недвижимите имоти, спорови за службеностите, спорови поради смекјавање на имотите, спорови од договорот за закуп и најам, спорови кои произлегујат од работните односи, сите ванпарнични и сите извршни работи.

Исклучително околиски суд одлучуе и во вториот степен кога е тоа со законот предвидено.

Член 22

Бројот на околиски судеви во секоја федерална единица, односно областа, одредуе Министер за правосудие на земската влада, односно Претседателство на Покраинската народна скупштина на Војводина.

При одредуењето на бројот на околиски судеви треба да се раководи со начелото да судството биде што поблиско на народот и што поефтино.

Член 23

Околиски суд саставен е од претседател, потребен број на судии и присудители.

Бројот на судиите и присудителите го одредуе Министерот на правосудието на земската влада, односно Претседателство на Покраинка народна скупштина на Војводина.

Член 24

Претседателот, судиите и присудителите на околиските судеви се избираат на три години.

Член 25

Судиите на околиски судеви повремено ке положат сметка за својата работа и за работата на судот пред телото кое ги избрало.

Член 26

Судиите на околиските судеви, како судии поединци, ке припремат сите кривични и грагјански работи за судење во Векјето, а поред това самостојателно ке решаваат сите ванпарнични и извршни работи како и други работи, кога е това со Законот предвидено.

Окружни судеви

Член 27

Окружните судеви вршат надзор над работата на сите подрачни околиски судеви.

Член 28

Во надлежност на окружните судеви спагја решуење во првиот степен на кривичните и грагјан-

ските работи кои се со посебни закони дадени во надлежност на овие судеви. Меѓу овие нарочно спаѓаат:

а) кривичните работи: кривичните дела против татковината, против државата и нејзиното уредување, против народната власт, против народната имовина, против правосудието, против општата сигурност на луѓето, имовината и јавното соопштение, против службената должност, правење лажни мери и лажни пари;

б) граѓански работи: имовинско-правни спорови во кои е тужената странка установа, претпријатие или организација на јавен карактер, спорови кои произлегуваат од меѓусобните односи на брачните другари, а несе односат на чисто имовинско-правни сакања, спорови за накнада на штетата која ке ја направат на граѓаните јавните службеници со неправилно вршење на службата, спорови за рудници и поморски работи.

Член 29

Поред това во надлежност на окружните судеви спаѓа одлучување по редовните жалби поднесени против одлуките на околиски судеви.

Член 30

Бројот на окружните судеви во секоја федерална единица, односно покраина, одредуе Министерот на правосудието на земската влада, односно Претседателство на Покраинска народна скупштина на Војводина.

Член 31

Окружниот суд е составен од претседател, потребен број судии и присудители.

Бројот на судиите и присудителите го одредуе Министерот на правосудието на земската влада, односно Претседателство на Покраинската народна скупштина на Војводина.

Член 32

Претседателот, судиите и присудителите на окружните судеви ги избираат скупштините на окружните народни одбори за време од пет години.

Член 33

Судиите на окружните судеви како судии поединци, ке припремаат сите кривични и граѓански работи за судење во векјето, а поред това самостојатно ке решаваат во случаевите кога е това во Законот предвидено.

Врховните судеви на федералните единици и Врховниот суд на Војводина

Член 34

Врховните судеви на федералните единици и Врховниот суд на Војводина вршат надзор над работата на сите окружни и околиски судеви кои се навогјат на подручјето на односната федерална единица, односно покраина.

Член 35

Во надлежност на врховните судеви на федералните единици и Врховниот суд на Војводина спаѓа:

а) судење во прв степен на кривични и граѓански работи кои се со посебни закони дадени во надлежност на овие судеви;

б) решување жалби вложени против одлуките на окружните судеви;

в) решување на надзорните жалби вложени против правноснажните одлуки на окружните судеви и околиските судеви;

г) решување на сукоби за надлежност помеѓу окружните судеви и помеѓу окружните и околиски судеви кои се навогјат на нивното подручје, решување сукоби за надлежноста помеѓу судевите и други народни власти кои се навогјат на нивното подручје;

д) давање обавезни напатствија во прашањата на судска пракса од подручјето на законодавство кое важи само во таја федерална единица односно покраина.

Член 36

Врховниот суд на федералната единица, односно Врховниот суд на Војводина може да побара од секој суд кои се најдуе на неговото подручје поедини кривични и граѓански спорови и сам да ги расправи, а може од оправданите разлози поедините кривични и граѓански спорови да ги отстапи во надлежност на било кој окружен, односно околиски суд на своето подручје, кој инаку не би бил местно надлежен за расправање вакви спорови.

За това одлучуе векје на Врховниот суд на федералната единица, односно Врховниот суд на Војводина, на предлог на Јавниот обвинител на федералната единица, односно покраина.

Член 37

Врховниот суд на федералната единица, односно Врховниот суд на Војводина, донесуе одлуки во векје од еден судија и два присудители, во векје од тројца судии и во општо заседание.

Во векје од еден судија и два присудители одлучуе кога суди во првиот степен (член 35а); во општо заседание одлучуе кога дава обавезни напатствија (член 35д); додека во сите останалите случаи одлучуе во векје од тројца судии.

Член 38

Врховниот суд на федералната единица, односно врховниот суд на Војводина, составен е од претседател, потпретседател, потребан број судии и присудители.

Бројот на судиите и присудителите го одредуе Министерот на правосудието на земската влада, односно Претседателство на Покраинската народна скупштина на Војводина.

Член 39

Претседателот, потпретседателот, судиите и присудителите на врховните судеви на федералните единици, односно Врховниот суд на Војводина, ги избираат земските скупштини, односно Покраинска народна скупштина на Војводина, за време од пет години.

Член 40

Општото заседание на врховните судеви на федералните единици, односно на Врховниот суд на Војводина, се состои од претседател, потпретседател и сите судии, а полноважно донесуе одлуки ако е присатно две трекјини судии со претседателот односно потпретседателот.

Јавниот обвинител на федералната единица, односно покраина обавезно присаствуе на општите заседанија без право во одлучување.

Општите заседанија се повикуат најмалку еднаш во три месеци.

Врховни суд на Демократска Федеративна Југославија

Член 41

Врховни суд на Демократска Федеративна Југославија врши надзор над работата на сите судеви во Југославија.

Член 42

Во надлежност на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија спаѓа:

а) судење во прв степен на кривични и граѓански работи, а кои се со посебни закони дадени во надлежност на овој суд;

б) решување надзорните жалби вложени против одлуките на врховните судеви на поедините федерални единици, односно на Врховниот суд на Војводина и против одлуките на сите векја на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија;

в) решуење сукоби за надлежност помегју судевите на разни федерални единици или покраини, сукоби за надлежност помегју војните и грагјански судеви, сукоби за надлежност помегју судевите и други народни власти од подручја на разни федерални единици, односно покраини и сукоби за надлежноста помегју векјето на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија и врховните судеви на поедините федерални единици или на Врховниот суд на Војводина;

г) давање обавезни напатствија во прашањата на судската пракса од подручјето на сојузното законодавство.

Член 43

Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија може да побара од секој суд во земјата поедини кривични и грагјански спорови и сам да ги расправи.

За това одлучуе векје на Врховнот суд на Демократска Федеративна Југославија на предлог на Јавниот обвинител на Демократска Федеративна Југославија.

Член 44

Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија донесуе одлуки во векје од еден судија и два присудители, во векје од тројица судии и во Општо заседание.

Во векје од еден судија и два присудители одлучуе кога суди во прв степен (член 42а); во Општо заседание одлучуе кога решуе за надзорната жалба против одлуката на векјето на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија, кога решуе за сукобот на надлежностите помегју векјето на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија и врховните судеви на поедините федерални единици, односно на Врховниот суд на Војводина и кога дава обавезни напатствија во прашањата на судската пракса, додека во останалите случаи донесуе одлуки во векје од троица судии.

Член 45

Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија суди во кривично, грагјанско и војно векје.

Член 46

Во надлежност на војното векје спагја:

а) судење во прв степен на кривичните работи кои се со посебен закон дадени во надлежност на овоа векје;

б) судење во прв степен на кривичните дела на генерали и адмирали;

в) решуење по жалбите против пресудите на војните судеви на дивизите, поморските флоти и војните подручја, кога е со пресуда изречена смртна казна;

г) решуење по жалбите против пресудите на војните судеви на армиите, морнарицата, самосталните корпуси и Војниот суд за град Београд;

д) решуење на надзорните жалби против правноснажните одлуки на сите војни судеви;

ѓ) решуење на сукобите за надлежноста помегју војните судеви, воколку тие сукоби не ги решаваат други војни судеви.

Член 47

Изузетно од членот 13 војното векје на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија суди во прв степен во состав од тројица судии.

Член 48

Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија саставен е од претседател. потпретседател и потребен број судии и присудители.

Број на судиите и присудителите го одредуе Министерот на правосудието на Демократска Федеративна Југославија.

Член 49

Претседателот, потпретседателот, судиите и присудителите на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија ги избира Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија, за време од пет години.

Член 50

Општо заседание на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија се состои од претседател, потпретседател и сите судии, а полноважно донесуе одлуки ако е присатно две трекјини судии со претседателот, односно потпретседателот.

Јавниот обвинител на Демократска Федеративна Југославија обавезно присаствуе на општите заседанија без право во одлучуење.

Општите заседанија се повикуат најмалку еднаш во три месеци.

Распоред на работата

Член 51

Претседателите на сите судеви унапред го одредујат распоредот на работите во судот. Они претседаваат на векјата или одредуат претседателен судија.

Претседателот на судот односно претседателниот судија, одредуе предмети за расправа и издава наредуење за повикуење во суд.

Член 52

Во случај на времената отсатност на претседателот на судот, го заменуе потпретседателот или судија одреден од претседателот.

Во случај на времената одсатност на судијата, го заменуе судија одреден од преседателот на судот.

Исклучуење на судиите и присудителите

Член 53

Судиите и присудителите на сите судеви должни се да ги соопштат односите со странките кои ги исклучујат од вршењето на судиската должност во предметите на тие странки.

Секретари и административен персонал

Член 54

Во сите судеви може да постои потребен број секретари и административен персонал.

Секретарите на сите судеви мора да имаат завршен правни факултет.

На секретарите може да се повери самостојателно вршење на поедини припремни работи во кривичните и грагјански работи, а нарочно во ванпарнични и извршни.

Член 55

Секретарите и административниот персонал на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија го поставуе Министерот на правосудието на сојузната влада, додека секретарите и административниот персонал во сите други судеви ги поставуе Министерот за правосудие на земската влада односно повереник на правосудието на Претседателството на Покраинската народна скупштина на Војводина.

Судски извршители

Член 56

Извршуење по сите грагјански работи, а во кривични работи во колку се однесуе на стопански барања се врши преку судските извршители.

Член 57

Судските извршители постојат кај околиски судеви, а ги поставуе Министерот на правосудието на земската влада, односно повереникот на правосудието на Претседателството на Покраинската народна скупштина на Војводина.

Член 58

Сакањата на судските извршители во поглед на извршуење на судските одлуки обавезни се како за службени лица така и за сите граѓани.

Завршни наредуења

Член 59

Досегашните судеви должни се да ја предаат својата архива и инвентарот на судевите кои ке бидат организирани на основание на овој Закон.

Поблиските одредби за това ке ги пропишат министрите на правосудието на земските влади, односно Претседателството на Покраинската народна скупштина на Војводина.

Член 60

Со влегуење на снага на овој Закон се укинуат областните и општинските судеви во местата каде досега постојале, изузимајки го обласниот суд на Косово и Метохија кои времено ке судат со надлежност на окружниот суд.

Член 61

Организацијата на судевите по прописите на овој Закон има да се спроведе до 1 јануари 1946 година, а спроводуењето на овој Закон се става во должност на Министерот за правосудие на сојузната влада.

Член 62

Се укинуат сите досегашни прописи за уредуење судевите кои се во противност со овој Закон.

Член 63

Овој Закон влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

26 август 1945 година
Београд

Претседателство
на Привремената народна скупштина
на Демократска Федеративна Југославија

Секретар, **Омер Глухић**, с. р.

Претседател, **др. Иван Рибар**, с. р.

623.

На основание на чл. 31 на Законот за аграрна реформа и колонизација од 23 август 1945 година Министерскиот совет на Демократска Федеративна Југославија донесуе

УРЕДБА
ЗА АГРАРНИОТ СОВЕТ НА ДЕМОКРАТСКА ФЕДЕРАТИВНА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Поради спроводуење во живот Законот за аграрна реформа и колонизација се формира Аграрни совет на Демократска Федеративна Југославија.

Член 2

Аграрниот совет раководи, во согласност со Стопанскиот совет, со спроводуењето на аграрната реформа и колонизација и ја координира при донесуењето земски закони и уредби за спроводуење аграрна реформа и колонизација.

Член 3

Аграрниот совет го сочинуат: сојузните министри за пољоделие и колонизација, претседателот на Државната пољоделска комисија и други лица кои ги именуе Претседателот на сојузната влада, именуејки во исто време и Претседател на Аграрниот совет.

Член 4

Оваја Уредба влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист".

29 август 1945 година
Београд.

Претседател на Министерскиот совет
и Министер на народната одбрана,
Маршал на Југославија
Јосип Броз-Тито, с. р.

Потпретседник на Министерски совет и Министер за конституанта **Едвард Кардељ**, с. р.; Министер за надворешни работи др. **Иван Шубашић**, с. р.; Министер без портфел др. **Јосип Смодлака**, с. р.; Министер за внатрешните работи **Влада Зечевић**, с. р.; Министер за правосудие **Фране Фрол**, с. р.; Министер за просвета **Владислав Рибникар**, с. р.; Министер за финансии **Сретен Жујовић**, с. р.; Министер без портфел др. **Јурај Шутеј**, с. р.; Министер за соопштенија и заст. на Министер за Босна и Херцеговина **Тодор Вујасиновић**, с. р.; Министер за индустрија **Андрија Хебранг**, с. р.; Министер за трговија и снабдевање инж. **Никола Петровић**, с. р.; Министер за пољопривреда др. **Васо Чубриловић**, с. р.; Министер за шумарство **Сулејман Филиповић**, с. р.; Министер за рударство **Бане Андрејев**, с. р.; Министер за колонизација **Сретен Вукосављевић**, с. р.; Министер за социјална политика др. **Антон Кржишник**, с. р.; Министер за народно здравје др. **Златан Сремец**, с. р.; Министер за пошти, телеграфи и телефони др. **Драго Марушић**, с. р.; Министер за градежи **Стеван Зечевић**, с. р.; Министер за информации **Сава Косановић**, с. р.; Министер за Србија **Јаша Продановић**, с. р.; Министер за Хрватска др. **Павле Грегорић**, с. р.; Министер за Словенија **Едвард Коцбек**, с. р.; Министер за Македонија **Емануел Чучков**, с. р.; Министер за Црна Гора **Милован Ђилас**, с. р.

624.

На основание овластуењето во член 29 на Финансискиот закон за буџетски период јули—декември 1945 година од 1 јули 1945 година донесуам

УРЕДБА
ЗА ВРАКЈАЊЕ, НАПЛАТУЕЊЕ И СТОРНИРАЊЕ ВОЗАРИНА И ПРИСТОЈБИ НА ДРЖАВНИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ

Член 1

Ако се тарифите и прописите за пругите на Југословенските државни железници погрешно применети на штета на странките, железничките управи ке вратат по службена должност неумесно наплатените износи на примателот односно на испраќачот на пратилката. Утврдениот вишок ке се исплати на имателот на правото на онаа станција која вишокот го наплатила. При исплатуењето на вишокот имателот на правото мора да го поднесе на увид товарниот лист односно дупликатот на товарниот лист. Вишковите до 5 динари не ке се исплатуат. Исплатуењето на вишковите ке се врши на терет текукјите приходи на возарината

Член 2

Одлуките за вракјање на вишковите до 5.000 динари по еден товарен лист ги донесуе начелникот на Оделението за контрола на приходите, а преку овој износ Главниот управник на железниците.

Член 3

Ако се тарифите и прописите погрешно применети на штета на железницата, испраќачот односно примателот должен е да на позив на Железничката управа уплати разликата кога износуе повеќе од 5 динари по товарниот лист. Ако должникот во срок од 14 дена по примањето на позивот не ја уплати разликата, извршните народни власти ке ја наплатат разликата без посредуење на судските власти, ако износот на долгуењето не ја премашуе сумата од

500.— динари. Извршните народни власти го вршат наплатуењето на основание решението које го донесуе Железничката управа.

Член 4

Решението за наплатуење износот до 500.— динари преку извршните народни власти го донесуе начелникот на Оделението за контрола на приходите.

Член 5

Потражуења на железницата кои произлегуат од уговорот за превоз а кои не можат да се наплатат, ке се сторнираат на терет на текукјите транспортни приходи. Одлуката за сторнирање ја донесуе Министерот за соопштенине или оној орган на Железничката управа кого ке го овласти Министерот за сооштенија.

Член 6

При Главната управа на железниците се формира Контролни фонд кои ке служи за покривање на трошковите во врска со извршуењето на оваја Уредба за контрола на наплатената возарина. Средствата за фондот ке се добиват со наплатуење 1 динар по секој товарен лист при откупуењето на пратилките.

Министерот за соопштенија во согласност со Министерот за финансии ке пропише Правилник за раководење и употреба на средствата на Контролниот фонд.

Член 7

Оваја Уредба влегуе во сила на 1 септември 1945 година.

30 август 1945 година
Београд

Министер за соопштенија,
Тод. Вујасиновић, с. р.

625.

На основание овластуењето во чл. 29 на Финансискиот закон за буџетски период јули—декември 1945 година и Уредбата за вракјање, наплатуење и сторнирање на возарина и пристојби на државните железници а во согласност со Министерот за финансии пропишуам

ПРАВИЛНИК
ЗА РАКОВОДЕЊЕ И УПОТРЕБУЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА КОНТРОЛНИОТ ФОНД

Член 1

Со Фондот управја Главната управа на железниците.

Член 2

Во Контролниот фонд влегуат приходите остварени со наплатуење 1 динар за секоја откупена пратилка по товарниот лист според членот 6 Уредбата за вракјање, наплатуење и сторнирање на возарина и пристојби на државните железници.

Член 3

Средствата на Фондот ке служат за:

1) покривање трошковите околу исплатуењето на помалку наплатените износи на странките. (обрасци и т. н.);

2) покривање трошковите околу наплатуењето на помалку наплатените износи на странките,

3) плакјање акордната работа за калкулација, проверка и упоредуење на товарните листови и товарните карти, калкулација и преглед на сметките на патничкото и багажното соопштеније и изработуење на статистичките картици,

4) купуење или кирија на статистичките макјини;

5) за наградуење персоналот кој нарочно ке се истакне во правилното примену̂ење на тарифата и со това во врска со прописите кои важат за пругите на Југословенските државни железници; и

6) покривање трошковите на реонските контролни органи, кои имат да се обрачунат по Правилникот за накнадуење трошковите за службени патувања и иселуења на сојузните службеници, на службеници на сојузните соопштителни и останали самостални институции.

Член 4

Одлуката за издатци ја донесуе на предложение на Оделението за контрола на приходите Главниот управник на железниците, освен одлуките за плакјање акордната работа од точка 3, член 3 на Правилникот и наградите од точка 5, член 3 на Правилникот кои ги донесуе Министерот за соопштенија во согласност со Министерот за финансии на сојузната влада.

Член 5

Ако средствата на Фонд на крај на сметководната година износат преку 500.000.— динари, вишокот ке се унесе во ванредните приходи на железниците.

Член 6

Овој Правилник влегуе во сила на 1 септември 1945 година.

Г. У. Ж. бр. 7237
30 август 1945 година
Београд

Министер за соопштенија,
Тод. Вујасиновић, с. р.

Согласен сум со горниот Правилник,

Министер за финансии,
Ср. Жујовић, с. р.

626.

На основание чл. 273 на Царинскиот закон и § 24 на Одлуката за организација државната финансиска управа, по предлогот на директорот на Државниот статистички уред пропишуам

ПРАВИЛНИК
ЗА ПРИСОБИРАЊЕ ПОДАТЦИ ЗА СТАТИСТИКА НА НАДВОРЕШНАТА ТРГОВИЈА

Член 1

Сета стока која се преку државните граници на Демократска Федеративна Југославија извозуе, увозуе или провозуе има поединично да се пријави во статистички цели.

Член 2

Статистичкото пријавуење се врши на царинарниците, и това: при извозот и увозот на царинарниците каде се обавуе царинење на стоката, а при провозуењето на излазните царинарници.

Член 3

Царинските органи се одговорни секоа пратилка на стоката да се пријави во сето според овој Правилник и напатствија пропишани на самите обрасци. Они ке ги превземат пријавите во вид на пополнени обрасци, кои ке ги пропише и напечати Државниот статистички уред еднообразно за сите царинарници во земјата. Статистичките пријави се должни да ги пополнат и поднесат на царинарницата при извозот извозникот на стоката, при увозот, увозникот или неговите застапници, а при провозуењето возителот. Наведените лица одговараат со својот потпис за тачноста на сите наводи. Царинскиот орган кои превзема пријава е должен да ги провери сите податци, и со својот потпис такугјере одговара за тачноста на истите. Исполнените пријави царинарницата ке ги достави на Државниот статистички уред, кои средуе и објавуе податци за цела земја.

Член 4

Статистичко пријавување се врши на основание на следните врсти на обрасците:

а) Образец на Над. трг. 1-1: извозување стока по слободниот промет;

б) Образец на Над. трг. У-1: увозување стока во слободниот промет;

в) Образец на Над. трг. 1-2: извозување на национализирана стока т. е. стока од странско порекло која е увезена на расположување на увозникот, било да подлежуе на плаќање царина или е слободна, а после во непроменето стање се извозуе во странство;

г) Образец на Над. трг. У-2: увозување стока на преработување, обработување, доработување или поправување;

д) Образец на Над. трг. 1-3: извозување на стока на обработување, доработување или поправување;

ѓ) Образец на Над. трг. У-3: увозување на домашна стока која се враќа по преработување, обработување, доработување или поправување;

е) Образец на Над. трг. 1-4: извозување на странска стока по извршеното преработување, обработување, доработување или поправување;

ж) Образец на Над. трг. Т-1: директно превозување (транзит) на стоката која се транспортуе без задржување преко југословенското државно подручје;

з) Образец на Над. трг. Т-2: индиректно превозување (транзит) на стоката која е увезена во едно јавно или часно складиште на подрчјето на Југославија, па се извозуе а да увозникот со неја слободно не располага и да неје обработена преправена изузев препакување или сортирање;

и) Образец на Над. трг. Р. увезување на повратна стока, т. е. домашна стока која се враќа непродадена од странство.

Член 5

Во обзир на член 1 статистичка пријава не ке се поднесуе во овиа случаи: а) за стоката ватена во увозно и извозно криумчарење; б) за стока со која се постапуе по член 9 точка 2, 3, 4, 7, 8, 9, 10, 11, 13, 14, 16, 17, 19, 20, 22, 23, 25, 26, 28 и 30 на Законот за општа царинска тарифа како и по чл. 10 на истиот Закон, ако се во одреденот срок врати; после по членот 82, 109 и 140 на Царинскиот закон; за стоката со која се постапуе по член 9 точка 12 на Законот за општа царинска тарифа. За стока која се увозуе и извозуе по член 9 точка 23 на Законот за општа Царинска тарифа и член 5 на Царинскиот закон, демек за сета онаја стока која е увозуат и извозат двовласници и за стока на пограничен промет не требе да се поднесуе статистичка пријава туку царинарниците се должни да за таја роба поднесат секој месец на Државниот статистички уред засебни извештаји со податци кои се сакат за статистичка пријава; в) за стоката чије увозување, извозување и превозување е забрането, па се со неја постапуе по член 46 на Царинскиот закон; г) за стоката со која се постапуе по став 2 последна реченица на член 121 на Царинскиот закон кога ке се докаже да при преносувањето со каков елементарен случај е пропаднала или се уништила.

Во случај да се стоката од складиште враќа во странство како непродадена, требе да се поднесе превозна статистичка пријава (увозување-превозување), а ако се увезе во земјата требе при увозното царинење да се поднесе увозна статистичка пријава (Образец на Над. трг. У-1). Во останалите случаи ако е стоката по било која основа ослободена од плаќање царина, има да се поднесе соодветна статистичка пријава.

Член 6

Сите податци пријавени со образците а) — е) преставуат Специјална надворешна трговина на Југославија и се делат според правецот на намену̂вање на стоката на извозување и увозување.

Сите образци на извозувањето и увозувањето на специјалната трговија требе да имаат следните прашања:

а) датум на пријавување на стоката;

б) царински и статистички број;

в) број и датум на одобрувањето;

г) именување на стоката според царинската тарифа, а кај скупните позиции требе да се наведат уште и назив на стоката и според уобичајеното трговско именување без обзир дали се таја врста на стоката односно производувањето поменуе во коментарот на царинската тарифа;

д) земјата на производувањето односно арчењето. Како земја на производување требе да се смета: кај стопанските производувања земјата во која е произведена, а кај преработената стока земјата во која производувањето добило оној лик во кој е увезен во нашата земја, не земајки во обзир пакувањето, сортирање или мешање; а како земја на арчењето: земјата во која ке се стоката употреби според намената која е со произведувањето во нашата земја одредена, или земјата во која ке се преработи, обработи, или доработи, не земајки во обзир пакување, сортирање или мешање и не ке се уведе после назад во нашата земја. Во колку стоката дојдуе со посредство на некоја трговиска земја или од складиште од некоја странска земја требе да се наведе и таја земја како земја на продавачката односно купујачката. Во овој случај да се означи земјата на производувањето на основание уверење за порекло. Во колку земјата на арчењето или производувањето нее позната, требе да се означи „Непознато", но во тој случај требе да се означи земјата на продавачката односно на купујачката, т. е. она земја во која купујачот или продавач има свој дукјан (фирма);

ѓ) количество во кг., парчиња, кубни метра, метра или литра, но во колку е количеството наведено во друга мера освен килограми, требе да се наведе и тежината во килограми. Тежината да се наведе во нето. Како нето тежина има да се смета сопствена тежина на стоката со внатрешни завоји, како што се кутији, картон, завој од метал, дрво, врекји, шишиња и т. н. Демек тежината без дара која преставуе тежина на надворешните завоји односно на надворешнато пакување, како што се сандаци, буриња, амбалажа и т. н.;

е) вредност во динари, разбирајки е вредноста на стоката на граница. Според това кај увозот има да се назначи вредноста на стоката во местото на пракјањето (цена според фактура) со додаток подвозни трошкови до југословенска граница, но без износ на царина, а кај извозуењата вредност на стоката во отпремното место со додаток на подвозните трошкови до југословенска граница, но без транспортни трошкови на странските превозни институции и без странска увозна царина, но сметајки домашната извозна царина ако се истата наплатуе. Во колку е цената заклучена во странска валута, требе да се пресмета вредноста во динари според берзанскиот течај, до да се упише износот во странска валута, како е назначено во фактурата;

ж) местото и околиата на отпремната станица на стоката кај извозувањето и пореклото на стоката, а местото на пратилката на стоката во земјата кај увозувањето;

з) врста на пакувањето и ознака и број на пакетот;

и) да се означи да ли е увозникот или извозникот државна институција, кооперативна организација или часно предпријатие;

ј) име и презиме и адреса на лицето које е задолжително да ја пријави стоката како и име и адреса на извозникот или увозникот;

к) износ на царините и царинските стопи.

Член 7

За стоката која се увозуе во нашата земја на преработување, доработување, обработување или поправување а за стоката која се извозуе од нашата земја по преработувањето, доработувањето или попра-

вуењето, како и за стоката која се извозуе на доработуење, обработуење или поправуење и за стоката која се увозуе од странство по извршеното доработуење или поправуење, ке се поднесуат засебни статистички пријави во кој покрај останалите податци мора тачно да се означи на што се односи дотичниот случај т. е. дали е преработуењето, доработуењето, обработуењето или поправуењето на стоката во прашање. Кога оваква стока се извозуе по извршеното преработуење, доработуење, обработуење или поправуење, како и кога се увозуе по извршеното обработуење, доработуење или поправуење, како вредност на стоката во статистичката пријава има да се покаже само оној вишок на вредноста кој стоката го добива поради извршеното преработуење, обработуење, доработуење или поправуење а на начин пропишан во 2 став на членот 11 на Законот за општа царинска тарифа.

Член 8

Превозна стока се пријавуе според именуењето на стоката, што ке пропише Државниот статистички уред во согласност со Министерството за соопштение според групите на произведение. Вредноста на стоката не се искажуе а количеството има да се назначи според бруто тежина на пратилката.

Член 9

Ако царинскиот орган (цариник или контролор) посумња да се некои наведени тачни, требе да спроведе проверка на истите според одредбите на Царинскиот закон, а на пријава да стави во соодветна колона со црвено мастило „проверка" и да упише број на царинската декларација и датум, а пријавата исто така на редовен начин веднага да ја прати на адресата на Државниот статистички уред. По извршената проверка ке го извести Државниот статистички уред со позив на број на царинската декларација со наводуење што е со проверката утврдено, како би се во Државниот статистички уред извршиле евентуални исправки. Ако се некој податци во моментот на предавањето пријавата непознати, а подоцна можат да се утврдат, требе да во соодветната колона стави со црвено мастило: „Накнадно" и да го упише бројот на царинската декларација и датумот и да постапи на исти начин како во случајот на проверуење.

Член 10

За секоја врста стока кај извозуење и увозуење има да се потполни засебна пријава, односно да се внесат засебни податци во поедини состав на една пријава, и во случај ако се пракја разноврсна стока во една пратилка и ако лицето поднесуе пријава. Секоја засебна пријава има во целост да се потполни, без обзир ако се некои наводуења појавуат во засебни пријави.

Член 11

Поедини врсти на статистички пријави требе да се употребујат само за предмети за кои су установени.

Образците на статистичките пријави царинарницата ке ги продава по цените означени на ним. Кај службено цариењe декларантот ке ја плати статистичката пријава кога и царинската декларација. Благајникот за секој месец ке составуе реферат за утрошеното количество и вредноста на статистичките обрасци поради нивното расходуење и сметкуење.

Член 12

Царинските органи ке доставуат сите статистички пријави средени по врстите на обрасците и царинските бројеви за поминати 7 дена секоја сабота на Државниот статистички уред, а секој најзаден ден во месецот ке ги пракја со нај брз начин пријави, без обзир дали е тој ден сабота или кој друг во неделата. Во колку за поминатите 7 дена или до најзадниот ден во месецот не било пријави требе за това редовно да се известуе Државниот статистички уред, како и пракјањето на обрасците.

Член 13

Овој Правилник влегуе во сила кога ке се објави во „Службениот лист".

IV бр. 3761
6 август 1945 година
Београд

Министер за финансии,
Сретен Жујовић, с. р.

627.

На основание на ставот 2 чл. 22 на Финансовиот закон за буџетски период јули—декември 1945 година пропишувам следното:

НАПАТСТВИЕ
ЗА УВОДУЕЊЕ, РАЗРЕЗ И НАПЛАТУЕЊЕ ДАВАЧКИ НА НАРОДНИТЕ ОДБОРИ

За покриуење потребите на месните, градски, околиски окружни и народни одбори може да се уведе разрез и наплатуење прирези на државниот основен данок. Овој прирез ке се разреже во еден процент за месни, градски, околиски, окружни народни одбори.

Одлуката за уведуење на овој прирез ке ја донесуат земските министерства за финансии односно главни и обласни народни одбори, со това да не може да се одобри приреска стопа поголема од 200%.

Прирез во овој случај ке се разрезуе за односна година: за земјарина, кукјарина, течевина, данок на ренти кој се разрезуе по распоред и друштвен данок. Кај сите овие порески облици како основнина за разрезуење прирези служи целиот годишен основен порез.

Народните одбори: месни, градски, околиски и окружни, во случаи уводуење горниот прирез требе да изработат образложен предлог, наводуејки детални податци за своите расходи и приходи.

Окружниот народен одбор за целото свое подручје предложуе процент на прирезите на основание своите податци и податци на месните, градски и околиски народни одбори. Во таја цел секој месни, градски и околиски народен одбор ке си прибави: 1) понаци за вкупната сума на годишното задолжуење со основен порез по сите наведени порески облици за годината во која се работи предлогот за своето подручје и 2) податци дали е потребно уведуењето прирези во обзир на приходите и расходите, и сумата која има да се подмири со прирезот воколку е потребно уведуењето на прирез. Овака собрани податци со детално образложуење секои месни, градски и околиски народен одбор ке ги доставит на окружниот народен одбор. Воколку овие податци не се точни или недостатачни окружниот народен одбор може да бара накнадни податци кај оној месни, градски или околиски народен одбор чии податци се непотполни или нејасни.

Когаке ги собере горните податци од сите, месни, градски и околиски народни одбори, како и податци за утврдуење сумата на прирезите за своји потреби окружниот народен одбор ке пристапи на утврдуењето вкупниот износ на прирезот за своето подручје. Во таја цел, прво ке утврди вкупна сума на годишното задолжуење со основни даноци за целото подручје. После ке утврди сумата која требе да е оствари од наплатуењето прирез за покриуење потребите на окружниот народен одбор па на та ја сума ке додаде поединачно сите суми на сите подручни месни, градски и околиски народни одбори кои требе да се подмират од прирезот. На овој начин ке добијат вкупен износ на предвиденот прирез на своето подручје кои е неопходен за утврдуење процентот на прирезите. Од односот на сумата на задолжуењето и вкупната сума на предвиденот прирез ке се добие процент за разрез на прирезот за цело подручје на окружниот народен одбор на пр. окружниот народен одбор има две околии од кои една околиа четири месни народни одбори и еден

градски народен одбор, а други три месни народни одбори и еден градски народен одбор. За месните, градски, околиски народни одбори и самиот окружен народен одбор пријавени се овие подаци:

Месни народни одбор:

	има год. основ. данок	од приреза требе да подмири
а)	400.000.—	100.000.—
б)	500.000.—	150.000.—
в)	600.000.—	150.000.—
г)	300.000.—	100.000.—
Градски народни одбор:		
д)	600.000.—	200.000.—
	I	
Сресски народни одбор:		
ђ)	2,400.000.—	300.000.—
Месни народни одбор:		
е)	200.000.—	50.000.—
ж)	100.000.—	30.000.—
з)	50.000.—	20.000.—
Градски народни одбор:		
и)	250.000.—	100.000.—
	II	
Сресски народни одбор:		
	600.000.—	200.000.—
Окружни народни одбор:		
	3,000.000.—	1,000.000.—
Вкупна сума која требе да се подмири од потребата на	динарот	2,400.000.—

Од односот на вкупното задолжение на основниот порез за цел округ кои износи 3,000.000.— и добиената сума на потребниот прирез од 2,400.000.— ке се добие 80% како процент на прирезот за целото подрачје во округот (2,400.000 × 100) : 3,000.000 = 80%.

Процентот се заокружуе тако да се разломците до 50 пари отфрлуат, а преку 50 пари се заокружуат на наредната единица.

После овоа одредуење на процентот на данокот, окружниот народен одбор требе да утврди клуч за поделуење на наплатениот данок посебно за секои месен, градски народен одбор. Според задолжителниот годишен основен данок за односниот месен народен одбор и градскиот народен одбор и според општиот процент на прирезот кој е предложен на тој окружен народен одбор, ке се утврди првогодишна сума на прирезот, која требе да се задолжи и наплати од тој месец народен одбор, односно од градскиот народен одбор (на пр. за наведените месни народни одбори под а) (400.000 × 80% 320.000). Од односот на оваја годишна сума на прирезот и сумата која требе месниот народен одбор да ја добије од прирезот, ке се добије преку сметководниот пат процент кој од наплатениот прирез во тој месен народен одбор требе да се предадат на месниот народен одбор (на пр.: за околиа 1(2,400.000 × 80% = 1,920.000 годишна сума на данокот (300.000 × 100) : 1,920.000 = 16%). Остатокот на приходите, по подмируење то на месниот односно градскиот народен одбор и околискиот народен одбор припагја на окружниот народен одбор. Така за месниот народен одбор а) клуч за поделуење на наплатениот прирез ке биде: на месниот народен одбор а) 31%, на околискиот народен одбор 16%, на окружниот народен одбор 53%; за месниот народен одбор б) на месниот народен одбор 37%, на околискиот народен одбор 16%, на окружниот народен одбор 47%; за месниот народен одбор в): на месниот народен одбор 31%, на околскиот народен одбор 16%, на окружниот народен одбор 53%; за месниот народен одбор г) и градскиот народен одбор д) на месниот народен одбор односно на градскиот 42%, на околискиот народен одбор 10%, на окружниот народен одбор 42%.

Кога окруржниот народен одбор овака определи единствен процент на прирезот и клучот за поделуење на приодите, посебен за секој подрачен месен народен одбор, односно градски народен одбор ке го испрати целиот материјал со нужно образложение на земското министерство за финансији односно на Главниот и областниот народен одбор поради одобруење за уводуење на прирезот и конечното утврдуење процентот на прирезот. При овоја одобруење процентот на прирезот, земското министерство за финансији односно Главните и областни народни одбори ке одобрат и клуч за поделуење на наплатениот прирез посебно за секој месен народен одбор, односно градски народен одбор.

Кога процентот на прирезот добије конечно одобруење, разрезот на прирезот се врши истовремено со разрезот на државниот данок, а го вршат властите кои разрезујат и државен порез. Засекој месен народен одбор, односно градски народен одбор ке разрезујат прирез по еден одобрен прирез, кој важи за целото подрује на тој окружен одбор. Разрезаниот прирез се унесуе во посебна колона на даночниот распоред, на даночната главна книга и на дневникот на наплатуењето.

Сталните ослободуења од државниот данок, по прописите на Законот за непосредни даноци, повлечуе со себе разбирателни и ослободуења од прирез.

Кај времени олеснуења односно ослободуења од државниот данок, овој прирез се разрезуе во сите случаји каде со односна законска одредба нее изрично предвидена ослободуењето од прирез.

Во случаји ослободуење од државниот данок по посебни одлуки, одлуката за евентуално ослободуење од прирезот ја донесуе надлежното земско министерство за финансии, односно Главни и областни народни одбори, на образложен предлог на дотичниот народен одбор.

Наплатуење на прирезот се врши истовремено, на ист начин и преку истите власти како и на наплатуењето на државните даноци по постојаните прописи кои во сето останало важат и за прирез (како на пр.: одпишуења, срокови на плакјањето и. т. н.). Наплатените суми ке се книжат во отплатуењето на државните даноци и на овој прирез во сразмер според скупното задолжуење на данокот и прирезот на дотичниот даночни обвезник.

Властите кои вршат наплатуење прирез, по истечуење на секој месец по одобрениот клуч на секој месен народен одбор односно градски народен одбор ке пракјат наплатен прирез на обвезниците на овија одбори на месниот, градскиот, околискиот и окружниот народен одбор.

Ако некој месен народен одбор по одобрениот клуч има за покривуење на својите потреби право на процент по голем од 100% од прирезот наплатен на неговото подручје, разликата до одобрениот процент ке посака од окружниот народен одбор, секој месец, според прирезот наплатен за неговото подручије. Исто така во овија случаји ке постапат и градскиот и околискиот народен одбор.

Ако некој градски народен одбор како самостална единица не потпагја под подручјето на окружниот народен одбор кеиспракја предлог за уведуење наприрезот, по изложената постапка, непосредно на одобрителната власт и кај него не ке се појавујат нужди за поделуење на приходот по клучот, оти целиот приход припагја на тој градски народен одбор кој има положај на окружен народен одбор.

Во изузетни случаји, за специјални нужди може секој месен, градски, околиски и окружен народен одбор да посакат уведуење на посебен прирез, кој ке се разрезуе само на неговото подручје. Нуждата за уведуење на овој прирез требе да се подробно образложи. Предлозите за уведуење на овој прирез ке ги одобрујат земските министерства за финансии односно главните и областните народни одбори по предходно сослушуење на окружниот народен одбор. По добијеното одобруење, овој посебен прирез ке разрезуат и наплатујат властите кои разрезуат државниот данок истовремено со данокот но ке го разрезуат и книжат одвојено од редовниот данок, а по истекот на месецот ке го пракјат на народниот одбор во чија е полза овој посебен прирез одобрен.

Сите самоуправни прирези без обзир дали се редовни или ванредни кои биле уведени пред и за време окупацијата ке се сметат укинати со денот на победуењето.

Самоуправните прирези кои се векје уведени по ослободуењето престануат да важат ако одлуката за уводуење на тија прирези неје донесена по горе наведената постапка и во колку таја одлука неје согласна со овија одредби. Сумит наплатени во отплатуења на такви прирези кои престануат да важат ке се примат како отплатуење на редовниот прирез по оваја Напатствие, ако таков редовен прирез не биде уведен, оти односниот народен одбор има достатачно други приходи наплатениот прирез не ке севракја.

Се ставуе во должност на месните, градските, околиските и окружните народни одбори, да редовниот прирез го предвидуат во најниско возможни суми, така да процентот на прирезот биде што понизок. Овој прирез требе да подмири најнеопходните нужди, и това воколку истите не можат да се покријат од други извори на приходот. Ако и покрај това, овој прирез биде недостатачен, може дури тогај да се посака уведуење на прирез за социјални нужди (посебен прирез).

Еден примерок на одлуката со која се одобруат било единствен прирез било специјални прирези со препис на сакањето за уведуење прирез, одобрителните власти ке го достават на буџетското оделение на сојузното Министерство за финансии за негова евиденција.

Одобрителните власти ке превземат нужни мерки да народните одбори својите сакања за уведуиње прирез ги сообразат на главната постапка.

II

Поради покривуењето на со буџет предвидените расходи, месните, градските, околиските и окружнионија такси кои биле одобрени за наплатуење во своја полза следните такси:

1) месните и градските народни одбори сите онија такси кои биле одобрени за наплатуење во полза за пораните неградски и градски општини за 1941 година. Под овоја се разбираат онија такси кои се наплатуени до 6 април 1941 година по одобруење на надлежните власти и това во износи кои важиле на ден 6 април 1941 година.

Наплатуење овија такси како и евентуално позголемуење на истите до 100% одобруе надлежното земско министерство за финансии односно надлежниот главен или обласен народен одбор. Овоа позголемуење да се дават само таму каде това сака неопходната нужда.

За сакањата на месните и градските народни одбори за уводуење нови такси (кои не постојале на ден 6 април 1941 година) или за позголемуење на постојаните такси преку 100%, одлучуе сојузното Министерство за финансии односно главниот или обласниот народен одбор.

2) Околиски народни одбори таксите од следните Тар. бројеви на општата таксена тарифа и то овија проценти од државната такса:

а)	Тар. бр.	12 точ. а) и б)	25%
б)	„	40 „ а)	25%
	„	40 „ б)	50%
в)	„	62, 64 до 66	100%
г)	„	81 точ. 1	100%
д)	„	81 „ 3 под а) и б)	25%
ѣ)	„	85	100%
е)	„	97	100%
ж)	„	98	50%
з)	„	100	50%
и)	„	235	50%
ј)	„	259	25%
к)	„	259а	50%
л)	„	214 точ. а)	50%

Овија такси или дел од нив, можат, покрај државните такси да се наплатуат во полза на околискиот народен одбор на целокупното подручје на дотичниот околиски народен одбор по предходното одобруење на земското Министерство за финансии односно на главниот или обласниот народен одбор.

3) Окружните народни одбори таксите од следните Тар. бројеви на општата таксена тарифа, и това во овија проценти на државната такса:

а)	Тар. бр.	23	10%
б)	„	84	25%
в)	„	91 до 94	25%
г)	„	96	50%
д)	„	99-а	40%
ѣ)	„	99-в	50%
е)	„	99-г ст. I	100%

Овија такси или дел од нив можат, покрај државните такси да се наплатуат во полза на окружниот народен одбор на целокупното подручје на дотичниот окружен народен одбор по предходното одобруење на земското Министерство за финансии односно на Главниот или обласниот народен одбор.

Еден примерок на одлуката за одобруење такса на горе наведените под 1), 2) и 3) одобрителните власти со препис на сакањето за уведуење овија такси, ке го достави на Буџетското оделение на сојузното Министерство за финансии поради неговата евиденциа.

Во поглед на разрезот, на платата, таксено-кривичната постапка и сето останало аналогно ке се применуат постојеките таксени прописи.

III.

Поради покривања со буџет предвидени расходи градските народни одбори можат да уведат и наплатуат во своја полза трошарина на следните предмети:

1) на сите алкохолни пијачки подложни на наплатуење на државна трошарина во износ 50% од државната трошарина.

На останалите предмети подложни на наплатуењето на државната трошарина, неможе да се уводи никаква посебна трошарина во полза на градскиот народен одбор.

2) На сите предмети изузев од предната точка 1) на која била удрена трошарина во полза на пораната градска општина за 1941 година. Под овова се разбираат онија предмети на кои е наплатуена трошарина до 6 април 1941 година по одобруење на надлежните власти.

Наплатуење на целата трошарина како и евентуално најзино позголемуење до 100% одобруе земското министерство за финансии односно главниот или обласниот народен одбор.

Во поглед на расправуењето: наплатуење, контрола, кривици, повратуење, застарелост и сето останало, ке се применуат аналогно на одредбите кои важат за наплатуење на државната трошарина.

За градови во смисал на овој пропис се разбираат сите градови и вароши кои до 6 април 1941 година наплатуеле трошарина по одобруење на надлежната власт.

IV

Еден примерок на одлуката во оверен препис со која се одобрени давачките напред наведени под I II и III со сакање со које се сака уведуење на овија давачки, ке го достават на Буџетското оделение на сојузното Министерство за финансии за негова евиденција (последен став чл. 22 на Финансискиот закон за буџетски период јули—декември 1945).

Предлози за уведуење прирез, такса и трошарина кои ја прејдуат висината предвидена со овоа Напатствие или содржат таква врста давачки кои немаат карактер на прирез, такса и трошарина, по предлог на земското министерство за финансии односно главниот или обласниот народен одбор ке одобруе сојузното Министерство за финансии.

При прегледуењето на сакањата за уводуење такса и трошарина се скренуе внимание, да се за еден ист појам употребуат називите увознина и трошарина. Под увознина се разбира таксата на стока која се увозуе во дотичниот рејон на народниот одбор, па било да во него ке биде потрошена, било да ке се накнадно од него изведе, поради потрошуењето ван него. За разлика од трошарина на овој непосреден данок подлежуе само во дотичниот рејон на народниот одбор увезената стока, а ни во кој случај и стоката произведена во него. Освен това кај увознина сосем е ирелевантно прашање, дотичната стока кај ке биде поарчена, дали во реонот или ван него. Увознина е некоја врста царина на народните одбори, по која причина не може да се одобруе.

Под трошарина има да се разбере посреден данок на арчење во границите на трошаринскиот реон на еден народен одбор без обзир дали е дотичната стока произведена во границите на тој реон или ван него. Според това, трошаринатa би требело да ја плаќа како во дотичниот реон увезената стока која се во него поарчи, така и во неговите граници произведената стока која се во него поарчи. По себе е разбирателно, да стоката која се во трошаринскиот реон увезе, но во него не поарчи, не смее да биде оптеретена со трошарина. Исто тако со трошарина не смее да бите оптеретена ни стока произведена во границите на дотичниот трошарински реон која се во него не поарчи туку од него се извозуе поради поарчуење ван него, или се навогја во него во сместиште непродадено.

На ист начин се скренуе внимание да не може да се уводи и наплатуе никаква давачка за превозуење и извозуење на каква стока од подрушјето на еден на подрушје на друг народен одбор односно од подрушјето на една федерална управа на подрушјето на друга федерална управа.

По натака, не може да се уводи нити наплатуе трошарина, такса или ма каква друга давачка:

а) на угаљ, на електрична енергија и на нафта кога служат како погонско средство односно сировина при производуењето на имотот;

б) на моторни возила од сите врста;

в) на сечење дрва;

г) на калцијев карбит, кога служи во фабриките на карбит за изработуење хемиски препарати, за производуење топлота или осветлење при факјање риби на море и осветлење в рудниците.

Освен наведеното не може да се во опште уводат нити наплатуат: такса на сировини, погонски материјал или на готово производуење, без обзир на природата од сировината или готовото произведуење.

Исто така не може да се наплатуе трошарина на следните предмети: 1) ориз; 2) сите врсти семења за сејање; 3) гра; 4) расол; 5) кромпир; 6) млеко; 7) брашно; 8)леб; 9) детско брашно од сите врсти; 10) прост сапун за мијење раци; и 11) лекови.

Ке се обустави наплатуење на сите одобрени давачки за буџетски период јули—декември 1945 година кои имат карактер на увознина на такса на: превозуење, извозуење, на сировини и готово производуење, како и давачки напред наведени под точки од а) до г) како штетни за стопански интереси на подрушјето на оној народен одбор во чија се полза одобрени овија давачки.

По одношение на останалите такси и трошарина, кои имат одобруење на надлежните власти за овој буџетски период ке се наплатуе до крај на овој буџетски период, без обзир што нивната висина не се поклопуе со висината на давачките кои ги предвидуе овоа Напатствие.

Со почнуење на буџетскиот период јанвар—декември 1946 година па до секој нареден буџетски период, секој народен одбор должен е да упати сакање за одобруење давачки кои намеруе да ги наплатуе за односниот буџетски период, водејки сметка за задржаните начела во ова Напатствие.

Со стапуење во сила н овоа Напатствие престануат да важат, одлуката за уводуење, разрез и наплатуење прирезот на државниот основен данок III бр. 99 од 15 јануари 1945 година, Службен лист бр. 4 од 13 февруари 1945 година стр. 45 како и Напатствиата издадени за извршуење на ова Одлука.

Овоа Напатствие влегуе во сила со денот на обнародуењето во „Службен лист на Демократска Федеративна Југославија".

Бр. 8130
29 август 1945 година
Београд

Министер за финансии,
Сретен Жујовић, с. р.

628.

На предлог на совезното Министерство за трговија и снабдуење Привредниот совет доноси

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДРЕДУЕЊЕ ЦЕНИ НА СЕНО, СЛАМА И МЛИНСКИ ОТПАТЦИ

Член 1

Се овластуват земските влади да можат да предузимат на своето подручие потребни мерки во цел за регулисањето на релациони цени на сено, слама и млински отпатци (на трици (мекиња), на граорица и тешка уродица, на очинци и плева и прекрупа на граорицата), спрема откупните цени на пченицата, максимирани во смисол на Уредбата за одредуење цени на житариците во економската 1945/46 година и спрема месните прилики во поедини околији.

Член 2

Цените на млинските отпатци (на трици, на граорица и тешка уродница, очинци, плева и прекрупа од граорица) ке се одредат со повекјањето цените на млинските отпатци предвидени во Уредбата за одредуење на цената во динара на ДФЈ од 20 априли 1945 година до процентот на повекјањето цената на пченицата према Уредбата за цените на житариците во економската 1945/46 година на подрушјето на односните земски единици.

Во суфицитарните срезови ово повекјање ке да изнесе 50%.

Во дефицитарните срезови повекјањето ке биде више, односно сразмерно повекјањето на цената на пченицата код произвогјачот.

Член 3

Цените на сеното и сламата на подрушјето на поедини федерални единици ке се одредат спрема месните прилики, овогодишниот ливадни принос и новите максимирани цени на пченицата.

Член 4

Продавците на ситно, на максимираните цени на сено и слама во расуто стање, пошто на истите ке додатат трошковите на довозот до својето стовариште, ке имат право да засметат на име својата бруто зарада 15%. Така добијената цена ке биде цена како за малопродавците така и за снабдевачите на војската.

При пресованата роба ке се зарачунат и ефективните трошкови за пресовање.

Член 5

Ово Решение стапа на снага со денот на обнародовањето во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија.

Бр. 6523
17 август 1945 година
Београд

Претседник на Привредниот совет и заст. на Министерот за трговија и снабдуење,
А. Хебранг, с. р.

РЕШЕНИЈА

На основание чл. 7 и 8 Законот за избор на народните посланици за Уставотворна скупштина (Савезна скупштина и Скупштина на народите) од 22 август 1945 година, Претседателството на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија доноси

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНОВАЊЕ НА СОВЕЗНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Член 1

Се именуват за Совезна изборна комисија:

за Претседник: Јовановић Живко, Претседник на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија;

за заменик: Шворљуга др. Звонимир, член на Врховниот суд на Демократска Федеративна Југославија;

за членови: Рупник др. Владимир, член на Врховниот суд на Словенија; Савић Кирило, професор на Универзитет; Жугић Трипко, народни посланик; Хаџипанзов Благоје, помоћник на Јавниот обвинител на Демократска Федеративна Југославија; Митровић Стефан, пуковник;

за заменици: Хупник Адолф, бивши судија на Апелациониот суд; Жанко др. Милош, Помоћник министер за Хрватска; Глухић Омер, Секретар на Привремена народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија; Богданов Мино, начелник на савезното Министерство за трговина и снабдевање; и Илић др. Тодор, лекар;

за заменик: Прелић Милан, Помоћник министерот на Министерството за конституанта; и

за заменик: Прелић Милан, Помоћник министрот за правосуђе за Србија.

Член 2

Ово Решение стапа на снага кога се објави во „Службениот лист на Демократска Федеративна Југославија".

2 септември 1945 година
Београд

Претседателство
на Привремената народна скупштина
на Демократска Федеративна Југославија

Секретар, **М. Перуничић**, с. р.

Претседател, др. **И. Рибар**, с. р.

УКАЗИ

МИ
КРАЛСКИ НАМЕСНИЦИ
др. Срђан Будисављевић, др. Анте Мандић и инж. Душан Сернец

На предлог на Претседателот на Министерскиот совет

сме решили и решаваме

да се уважи оставката на Потпретседателот на Министерскиот совет Господин Милан Грол и да се разреши од својата досегашна должност.

Претседателот на Министерскиот совет нека го изврши овој Указ.

Бр. 750

24 август 1945 година
Београд

др. **С. Будисављевић**, с. р.
др. **А. Мандић**, с. р.
инж. **Д. Сернец**, с. р.

ДЕКРЕТИ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА МИНИСТЕРСКИОТ СОВЕТ

Со Решението на Претседателот на Министерскиот совет на Демократска Федеративна Југославија О. бр. 606 од 29 август 1945 година, а на основание чл. 31 Законот за аграрната реформа и колонизацијата и чл. 3 Уредбата за Аграрниот совет на Демократска Федеративна Југославија, се именуват:

за Претседник на Аграрниот совет Моша Пијаде, потпретседник на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија.

за членове на Аграрниот совет:

Васа Чубриловић, Министер за пољопривреда на Демократска Федеративна Југославија,

Сретен Вукосављевић, Министер за колонизација на Демократска Федеративна Југославија,

Филип Лакуш, потпретседник на Привремената народна скупштина на Демократска Федеративна Југославија,

Владо Шегрт, генерал-мајор, Министер за пољопривреда на Босна и Херцеговина,

Богдан Орешчанин, генерал-мајор,

Јован Веселинов,

Максим Горановић, претседник на Државната пољопривредна комисија,

Јерко Радмиловић, помоћник на Министерот за колонизација,

Здравко Ромац, повереник за пољопривреда на Главниот народен одбор за Војводина,

Димитрије Бајалица, полковник,

Милан Бринар, помоћник на совезниот Министер за шумарство,

Ванча Бурзевски, началник на Министерството за колонизација, и

Влајко Беговић.

СОДРЖАНИЕ:

Страна

622. Закон за уредување народните судови — 653
623. Уредба за Аграрниот совет на Демократска Федеративна Југославија — — 657
624. Уредба за враќање, наплата и сторнирање возарината и такси на државните железници — — — — — — — — — — — 657
625. Правилник за раковање и употреба средствата на Контролниот фонд — — — — 658.
626. Правилник за прикупување на податците за статистика на надворешната трговија 658
627. Напатствие за увогјење, разрез и наплата дажбините на народните одбори 660
628. Решение за одредување цени на сено, слама и на млински отпатци — — — — 663

ШТАМПА ДРЖАВНЕ ШТАМПАРИЈЕ — БЕОГРАД